## За организаторот на Советувањето

ЗМКГБ е експертска, невладина и непрофитна инженерска организација и е член на Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD) од 1950 година, како дел од поранешниот YUCOLD. Како независна организација, MACOLD е член на ICOLD од 1994 година и член на Европскиот клуб на ICOLD од 2006 година.
MACOLD има важна улога во процесот на проектирање, изградба и одржување на големи брани во РС Македонија, преку директно учество на нејзините членови во реализација на проекти, како и во организацијата на повеќе конгреси, симпозиуми, работилници, студиски посети и стручни презентации.

Во минатиот период ЗМКГБ ги реализира следните научни собири:

(1) Советување на тема: Проектирање и изградба на браната Козјак (1999),
(2) Прв Конгрес за брани (2004),
(3) Советување на тема: Браната Козјак – искуство од изградбата, првото полнење и почетната експлоатација (2005),
(4) Втор Конгрес за брани (2009),
(5) Меѓународен воркшоп "Напредни методи и материјали за изградба на брана", со предавачи од Грција, Швајцарија и Р Македонија (2010),
(6) Меѓународен симпозиум "Брани - неодамнешно искуство во истражување, проектирање, изградба и одржување", коорганизатори MACOLD и SLOCOLD (2011),
(7) Конференција на тема: Хидројаловиштата во Р Македонија (2012),
(8) Трет Конгрес за брани (2013),
(9) 10. Советување за водостопанство и хидротехника (2014),
(10) Конференција на тема: Состојбата со водостопанската инфраструктура (2015),
(11) 11. Советување за водостопанство и хидротехника (2016)
(12) Четврт Конгрес за брани (2017),
(13) Трибина на тема: 80 години на Инженерството за брани во Р Македонија (2018)

## Поддржувачи на манифестации на ЗМКГБ во 2018

1 АД ЕЛЕМ, Дирекција - Скопје
2 ГФ, УКИМ - Скопје
3 АД Водостопанство РМ - Скопје
4 Саса - М.Каменица
5 Бучим - Радовиш
6 Гранит - Скопје
7 Геинг - Скопје
8 Адинг - Скопје
9 ГХК - Скопје
10 ГИМ - Скопје
11 ЈП ХС Стрежево - Битола
12 ЕВН Македонија - Скопје
13 ГТИ, Скопје
14 ХЕИ - Скопје
15 Чакар&Партнерс - Скопје
16 АД ЕЛЕМ, ХЕС Црн Дрим - Струга
17 ЈП ХС Злетовица - Пробиштип
18 АД ЕЛЕМ, ХЕС Маврово - Гостивар
19 АД ЕЛЕМ, ХЕЦ Тиквеш - Кавадарци
20 АД ЕЛЕМ, РЕК Битола - Битола
21 КОАОИ на РМ - Скопје
22 ЗИМ - Скопје

## Организационен одбор

- Љупчо Петковски (УКИМ, Градежен Факултет, претседател на ЗМКГБ)
- Драги Дојчиновски (УКИМ, ИЗИИС, потпретседател на ЗМКГБ)
- Славко Милевски (АД ЕЛЕМ, ген.секретар на ЗМКГБ)
- Стевчо Митовски (УКИМ, Градежен Факултет, тех. секретар на ЗМКГБ)
- Илбер Мирта (МЖСПП, Сектор за води)
- Славе Арсоски (МЗШВ, Управа за водостопанство)
- Ацо Јаневски (АД Водстопанство на РМ, Скопје)
- Дејан Мираковски (УГД, Факултет за природни и технички науки, Штип)
- Борче Гоцевски (р. САСА, Македонска Каменица)
- Живко Гоцев (р. БУЧИМ, Радовиш)
- Блашко Димитров (ЗМКГБ, КОАОИ)
- Миле Илиевски (ЈП Злетовица, Пробиштип)
- Менде Граматковски (ЈП Стрежево, Битола)
- Дејан Арсовски (ЈП Лисиче, Велес)
- Илија Марков (АД БЕТОН, Скопје)
- Орце Мангаровски (АД ГРАНИТ, Скопје)
- Ванчо Ангелов (ГХК - Скопје)
- Добре Тасевски (СИНТЕК Специфик, Скопје)
- Благоја Дончев (АДИНГ, Скопје)
- Теодор Цоневски (ГТИ, Скопје)
- Игор Николоски (ГИМ, Скопје)
- Драган Димитриевски (ГЕИНГ-КуК, Скопје)
- Јосиф Ќаевски (ХЕИ, Скопје)
- Лазо Чакаровски (Чакар & Партнерс, Скопје)
- Здравко Јаковлевски (МГМ, Скопје)
- Снежана Мартулкова (МЖСПП)
- Лидија Зафировска (ДИЖС)
- Александар Сапунџиовски (МЗШВ)
- Маријана Поповска (ЗИМ, Скопје)
- Бранислав Башиќ (ЈП Стрежево, Битола)
- Даниел Цеков (АДИНГ, Скопје)
- Станислава Додева (ЗМКГБ)
- Маријана Лазаревска (УКИМ, Градежен Факултет, ЗМКГБ)
- Грозде Алексовски (УКИМ, Градежен Факултет, ЗМКГБ)
- Јован Б. Папиќ (УКИМ, Градежен Факултет, ЗМКГБ)
- Игор Пешевски (УКИМ, Градежен Факултет, ЗМКГБ)
- Фросина Пановска (ЗМКГБ)
- Олга Дојчиновска (ЗМКГБ)

## Почесен одбор

- Љупчо Николовски (Министер, МЗШВ)
- Јани Макрадули (Заменик министер, МЖСПП)
- Илми Селами (Директор, АД ВСРМ)
- Драган Миновски (Генерален директор, АД ЕЛЕМ)
- проф. Дарко Мославац (Декан, Градежен Факултет, УКИМ)
- Николајчо Николов (Генерален директор, рудник Бучим)
- Олег Телној (Генерален директор, рудник Саса)
- Страшо Милковски (АД Гранит)
- проф. Љубомир Танчев, почесен претседател на ЗМКГБ
- проф. Михајло Серафимовски, заслужен член на ЗМКГБ
- Илија Андонов – Ченто, заслужен член на ЗМКГБ
- Нестор Ангеловски, заслужен член на ЗМКГБ
- проф. Наум Гапковски, заслужен член на ЗМКГБ
- проф. Станислав Миловановиќ, заслужен член на ЗМКГБ
- проф. Коста Талаганов, заслужен член на ЗМКГБ

## Редакциски одбор

- проф. д-р Љупчо Петковски, (С. Македонија), УКИМ; Градежен Факултет
- проф. д-р Емилија Беднарова (Словачка)
- проф. д-р Алтан Абдуламит (Романија)
- проф. д-р Џорџ Доуниас (Грција)
- проф. д-р Андреј Крижановски (Словенија)
- проф. д-р Тина Дашиќ (Србија)
- проф. д-р Димитар Кислиаков (Бугарија)
- проф. д-р Хасан Тосун (Турција)
- проф. д-р Марија Вукелиќ Шутоска (С.Македонија), УКИМ, ФЗНХ
- проф. д-р Зекирија Идризи (С.Македонија), Државен универзитет, Тетово
- проф. д-р Благој Голомеов (С.Македонија), Унив. “Гоце Делчев”, Штип
- проф. д-р Вилос Илиос (С.Македонија), Унив. Климент Охридски, Битола

**Здружение Македонски комитет за големи брани (ЗМКГБ)**

Член на Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD)

Член на Европскиот клуб на ICOLD

# 12-то Советување за водостопанство и хидротехника

Прво соопштение, 15.3.2019 година

**Скопје, 18-19.10.2019 година**

## Цели на советувањето

Во периодот 1994-2003 година беа успешно организирани девет Советувања за водостопанство во Р. Македонија. Беше создадена една благородна традиција, која, за жал, во следниот десетгодишен период беше запоставена. Со цел да се обнови оваа традиција, во септември 2014 година и во октомври 2016 година се одржаа 10-то и 11-то Советување за водостопанство и хидротехника. Овие советувања, во организација на ЗМКГБ, потврдија дека ваквите собири се незаменливи за размена на искуства и трансфер на знаења кај различните генерации на водостопанственици и хидротехничари.

Претседателството на ЗМКГБ, на седницата одржана на 1.2.2019 година, донесе одлука во октомври 2019 година да се одржи 12-то Советување, а во иднина овие советувања да се одржуваат барем еднаш на секои четири години.

Потребата од одржување на 12-то Советување за водостопанство и хидротехника е заради исполнување на следните цели, кои во моментов го привлекуваат вниманието на сите инволвирани во овие области. Како прво, денешната генерација водостопанственици и хидротехничари ја има одговорноста да се одржи оваа вредна традиција, возобновена со 10-то и 11-то Советување и да не дозволи нејзино повторно замирање. Ваквите советувања се значајни, зашто обезбедуваат на едно место да се состане водостопанската фела и во сериозни презентации и дискусии на сесиите, но и во неформална порелаксирана атмосфера, да ги идентификува и разреши проблемите од административен и технички карактер. Второ, имајќи предвид дека најголемиот дел од водостопанската инфраструктура во РС Македонија е од постар датум се наметнува проблемот за квалитетот на одржувањето и санацијата на хидротехничките објекти. Трето, во последниот период инженерите се судруваат со проблеми предизвикани со честата промена на законската регулатива во РС Македонија за изведба на хидроградежни објекти, каде се формализираат административни процедури со кои се пролонгира реализацијата на објектите, а не се придонесува за нивниот квалитет. Спротивно на ова гледиште, има посочувања дека инженерскиот кадар недоволно ја проучил легислативата во РС Македонија и тоа е една од причините за неквалитетна реализација (истраги, проектирање, градење и одржување) на хидротехничките објекти во РС Македонија. И четврто, стопираната реализација на големите хидроенергетски системи во РС Македонија, како на најатрактивните хидрокандидати Луково Поле и Бошков Мост, така и на хидросистемите Црна Река и Вардарска Долина, претставува сериозно енергетско заостанување на РС Македонија. Воедно, доколку големите хидроенергетски објекти бидат реализирани од странски компании, (независно од финансиската конструкција за нивна изградба), тогаш, за жал, се напушта концептот дека тие претставуваат развојни проекти за РС Македонија. Меѓутоа, треба да се има предвид дека без развојни проекти, каде би биле ангажирани сопствените технички експерти и домашните градежни и индустриски потенцијали, не може да се очекува технолошки напредок и просперитет на државата.

## Општи информации за советувањето

Работниот дел на Советувањето ќе се одржи на 18.10.2019 година во КОАОИ, Скопје, додека на 19.10.2019 (сабота) е предвидена стручна посета на профилот Лисиче (Велес), на браната со придружните објекти. Котизацијата за учество на Советувањето изнесува 3,000 денари (или 50 €) и вклучува учество на Советувањето, Зборник на трудови, освежување во паузите, коктел/ручек во КОАОИ и стручна посета на профил Лисиче, Велес.

Покрај членовите на ЗМКГБ и на националните комитети за големи брани од регионот, за учество на Советувањето се поканети сите што се инволвирани во водостопанството и во хидротехниката, во Инженерството за брани, односно вработени во државни и научни институции, енергетски, водостопански и комунални претпријатија, како и во приватни градежни и инженеринг компании.

Учесниците на Советувањето ќе добијат Потврда за континуиран професионален развој од КОАИ бодирана со 3 CPD, кој понатаму би можел да се користи при добивање на овластувања. Официјални јазици на Советувањето се македонски и англиски.

## Теми на советувањето

Рефератите за Советувањето, претходно необјавувани, треба да се однесуваат на следните теми:

**Тема бр. 1**
**Одржување, санација и надградба на хидросистеми со брани и акумулации**

**Тема бр. 2**
**Истражување, проектирање, градење и оскултација на брани со хидротехнички објекти**

**Тема бр. 3**
**Користење на повеќенаменски водостопански системи**
- Потреба од промена на оперативните правила на постојните хидросистеми,
- Управување со хидросистемите во идниот период од аспект на одржливост и интегралност

**Тема бр. 4**
**Практична примена на законската регулатива во водостопанството и хидротехниката**
- Недоволно познавање на легислативата причина за неквалитетна реализација на хидротехничките објекти,
- Недостатоци на законските регулативи за изведба на хидроградежни објекти,
- Бесправно изградени објекти и нивно влијание на хидротехничките објекти,
- Подобрување на Законите во РСМ, кои имаат најголемо влијание врз водостопанството и хидротехниката: за градење, за животна средина, за води и за енергетика,

**Тема бр. 5**
**Стопирана реализација на големи хидроенергетски системи во РСМ**
- Луково Поле и Бошков Мост,
- Чебрен и Галиште,
- Вардарска Долина,
- Причини за застој во градбата на големите хидротехнички објекти и можни негатови последици,

**Тема бр. 6**
**Наводнување и одводнување**

## Пријавување на реферати

Заинтересираните автори треба да го пријават насловот и да доставаат резиме од рефератот на македонски или на англиски јазик во електронска форма (DOC формат) на следната е-пошта:

smitovski@gf.ukim.edu.mk

Резимето да не биде подолго од 200 зборови, да содржи концизна информација за трудот, имиња на авторите, организацијата, адреса, телефон и е-пошта за контакт.

Редакцискиот одбор ќе изврши преглед на пријавените резимеа и авторите ќе бидат известени по електронски пат за прифаќањето на резимето, кога ќе добијат и детални упатства за подготовка на комплетниот реферат. Рефератот е предвидено да биде ограничен на најмногу 12 страни. Еден автор, како прво наведен автор на реферат, може да учествува најмногу со два реферати.

Подготвените реферати според упатството треба да се доставаат во електронска форма (Word DOC формат) на дадената е-пошта. Рефератите ќе бидат печатени во Зборник на трудови, посветен на Советувањето.

## Стручна посета

Детали за посета на браната со придружните објекти Лисиче, Велес ќе бидат дадени во следното соопштение..

## Важни датуми

| | |
|---|---|
| **20.5.2018** | Доставување на резиме |
| **10.6.2018** | Известување за прифаќање на резимето, со детални упатства за подготовка на рефератот |
| **30.8.2018** | Доставување на комплетни реферати |
| **20.9.2018** | Конечно соопштение со програма на. Советувањето |
| **18.10.2018** | Работен ден на Советувањето, Скопје |
| **19.10.2018** | Стручна посета на брана Лисиче, Велес |